Република Македонија
Национална установа - Манифестација
"СТРУШКИ ВЕЧЕРИ НА ПОЕЗИЈАТА"
Бр. 02-2415
01.11. 2013 год.
СТРУГА

Арх. знак 0202
Рок на чување трајно
25.12. 2013 год.
Потпис

Струшки вечери на поезијата

Поштенски фах 109
Струга 6300
Р.Македонија
struga@svp.org.mk
тел: (+389 46) 786 -270
факс: (+389 46) 786 -280

Struga Poetry Evenings

P.O. box 109
Struga 6330
R. Macedonia
struga@svp.org.mk
tel:(+389 46) 786 - 270
fax: (+389 46) 786 - 280

Врз основа на член 28 од Статутот на Струшките вечери на поезијата, Управниот одбор на Струшките вечери на поезијата, на својата седница одржана на 01.11.2013 година го донесе следниот

# П Р А В И Л Н И К

## ЗА НАГРАДАТА „ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ" НА СТРУШКИТЕ ВЕЧЕРИ НА ПОЕЗИЈАТА

Член 1

Наградата „Златен венец" на Струшките вечери на поезијата се доделува секоја година за особени уметнички и естетски остварувања во целокупен поетски опус на жив поет од светот.

Член 2

Наградата „Златен венец" е неделива.

Член 3

Наградата „Златен венец" се состои од статуетка во облик на златен венец изработена од сребро и злато, диплома (повелба) и паричен износ кој се утврдува со одлука на Управниот одбор на НУМ Струшки вечери на поезијата.

Член 4



АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

## КАНДИДАТУРИ И АПЛИКАЦИИ

Под кандидатура се подразбира предлог за поет - добитник на наградата „Златен венец“ за кој постои апликација (писмен поднесок) до седиштето на Струшки вечери на поезијата.

Услови и критериуми за евалуација на апликациите:

- Апликациите/кандидатурите не смеат да бидат поднесени од самите поети. Во таков случај истите автоматски ќе бидат одбиени.
- Апликациите се поднесуваат во хартиена форма на адресата на седиштето на НУМ Струшки вечери на поезијата.
- Апликацијата треба да ги содржи следните обврзни елементи:

1. Детална биобиблиографија на кандидатот, со сите појаснувања за неговиот живот и творештво.
2. Есеистички осврт на неговото творештво, со сите значајни елементи на неговата поетика, вредности и значење.
3. Избор од неговото творештво во оригинал и во превод (најмалку 20 песни, доколку дотогаш не е преведуван на македонски јазик), книги, избори итн.
4. Избор од најмалку пет (5) критики (во оригинал и во превод на македонски) за неговото творештво од еминентни критичари со референци за нив.

- Апликациите кои нема да ги содржат овие елементи ќе бидат одбиени.
- Апликациите можат да бидат доставувани во текот на целата година. Само апликациите кои ќе пристигнат во Струшки вечери до 1 ноември ќе бидат земени предвид за разгледување за претстојната година. Сите останати ќе бидат разгледувани за следната година.
- Поднесувањето на кандидатурите е дискретно. Од поднесувачот и од кандидатот во чие име е поднесена одредена кандидатура се очекува потполна дискреција и коректен однос.
- Кандидатурите кои ќе бидат јавно обзнанети од поднесувачите или пак за кои ќе постои јавно лобирање или некаква форма на влијание или притисок, заради зачувување на угледот на наградата, на Струшките вечери на поезијата и на Република Македонија, нема да бидат разгледувани и прифатени.

НУМ Струшки вечери на поезијата нема обрска да доставува образложение за одбиените кандидатури, ниту пак за тоа да го известува поднесувачот.

СВП може да потврди прием на одредена кандидатура, доколку биде побарана таквата информација, и тоа само на поднесувачот.

Член 5

## ЛИСТА НА ПОСТОЈАНИ КАНДИДАТУРИ И ДОСИЕ

Апликациите/кандидатурите доколку бидат прифатени стануваат дел од Листата на постојани кандидатури.

За прифаќањето на кандидатурата и нејзино вбројување во Листата на постојани кандидатури расправа и решава Советот за доделување на Златен венец. Гласањето се врши јавно.

За прифатена се смета кандидатурата за која ги исполнува условите согласно овој Правилник и за која гласало мнозинството од членовите на Советот.

Со ставањето на одредена кандидатура на постојаната листа се отвора досие за кандидатот. Истото постојано мора да биде дополнувано со нови документи и прилози значајни за оценка на поетското творештво на авторот.

Секоја година Советот ја ажурира листата, дополнувајќи ја со нови кандидатури и симнувајќи ги оние согласно условите подолу.

Од постојаната листа може да биде тргната кандидатурата на одреден поет во следните случаи:

– Во случај на смрт.
– Заради тешко нарушување/кршење на морални/етички и хуманистички принципи
– Јавни и други истапи со кои се нарушил угледот на Република Македонија.

Член 6

КОЈ МОЖЕ ДА ПРЕДЛАГА КАНДИДАТИ И ДА ПОДНЕСУВА АПЛИКАЦИИ

1. Членови на Македонската академија на науките и уметностите од соодветните одделенија
2. Членовите на Советот за доделување на наградата „Златен венец".
3. Поранешни добитници на „Златен венец".

Член 7

СОВЕТ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ. НАДЛЕЖНОСТИ.

- Советот за доделување на наградата „Златен венец" е советодавно тело, кое на предлог на директорот го формира Управниот одбор врз основа на член 26 од Статутот на НУМ Струшки вечери на поезијата, а во врска со член 28 став 2 точка 8 од Законот за култура и

- Утврдува постојана листа на кандидатури.

- Ја ажурира секоја година со новопристигнатите кандидатури, за кои одлучува дали да бидат прифатени или одбиени.

- Врз основа на постојаната листа утврдува потесен избор од пет (5) кандидатури/предлози од кои треба да биде избран добитникот.

- Членовите самите имаат право да дадат предлог/кандидатура, да дополнат одредена постојна, да побараат(предложат) од друго стручно лице да биде дополнета итн.

- Одлучуваат врз основа на потесниот избор за предлогот за добитник на „Златен венец" и истиот го доставуваат до Управниот одбор.

Член 8

ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА „ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ“

а). Советот за доделување на „Златен венец“ се состои од седум члена, во кои влегуваат директорот и претседателот на Управниот одбор на НУМ Струшки вечери на поезијата.
б) Другите пет члена на Советот за доделување на „Златен венец ги избира“ Управниот одбор на СВП на предлог на директорот.
в) Членовите на Советот се избираат со двегодишен мандат, со можност за реизбор.
г). Членувањето во Советот престанува во следните случаи:

– со изборот на нов директор;
– по барање на самиот член заради оправдани причини или оставка;
– по барање на директорот, за што одлуката ја носи Управниот одбор;

д). Членовите на Советот треба да бидат од редот на истакнати литературни критичари, теоретичари, литературни истражувачи и поети.
ѓ). Членовите на Советот, со исклучок на директорот, не смеат да бидат вработени во СВП.
е). Членовите на Советот не смеат на било каков начин да имаат интерес од самото доделување на наградата, со што би можело да се нанесе штета на нејзиниот кредибилитетот и углед.
ж) Членовите на Советот одлучуваат во апсолутна дискреција, за што потпишуваат соодветна изјава. СВП е должна да ги озбезбеди сите други потребни услови за работа во такви услови (соодветни простории, материјали и др. технички потреби).

Член 9

РАБОТА НА СОВЕТОТ

а). Советот работи на состаноци. Состаноците ги свикува и со нив претседава директорот на НУМ СВП.

б) На состаноците на Советот се води записник и истиот претставува трајна документација на СВП.

в) Членовите на Советот се обврзани на тајност за своето учество во работата на советодавното тело, за што потпишуваат соодветна изјава. Сите информации, изречени мислења, документи и други работи поврзани со учеството и работата на Советот остануваат трајно доверливи.

г) Директорот и претседателот УО ја предаваат постојаната листа на кандидатури, пристигнатите нови кандидатури и сите неопходни материјали потребни за работата и одлучувањето.

д) Одлуките се донесуваат со јавно гласање, освен ако мнозинството не реши поинаку. Доколку членовите на Советот решат гласањето по одредено прашање да биде тајно, директорот решава околу начинот и спроведувањето на процедурата, и се грижи и за тајноста на гласањето.

ѓ) За полноважноста на одлуките е потребно просто мнозинство од членовите.

е). Комисијата може да работи само во ситуација кога се присутни најмалку 6 члена од нејзиниот состав, а отсутниот член да може по телефон или друг електронски начин на комуникација (скајп, друг аудио-видео комункација) да ги следи дискусиите и да одлучува, за што веднаш потоа доставува писмена изјава своерачно потпишана во која се

наведени неговите ставови и неговото гласање по одделните одлуки. Неговата изјава е составен дел од записникот од седницата и се потврдува вистинитоста откако ќе биде јавно прочитана и одобрена со гласање.

Во случај на неможност од ваква комуникација, отсутниот член има право писмено да ги достави своите забелешки и мислења, без притоа да може и да гласа по одредени прашања. Доколку мнозинството смета дека истите се суштински и дека значително можат да влијаат на одредени аспекти на донесените одлуки, прашањето повторно може да биде разгледувано и одново да биде одлучено. Исклучок е конечното одлучување за предлогот за добитник на Златен венец, каде изборот го вршат само присутните членови, или пак каде гласањето било тајно.

ж). Советот до 25 декември треба да ги разгледа сите пристигнати кандидатури, да ги провери дали ги исполнуваат критериумите и условите наведени согласно овој Правилник и го утврдува(ажурира) конечниот список на кандидатури кои влегуваат во конкуренција.

з) Најдоцна до 25 декември Советот треба да донесе одлука за потесниот избор од 5 (пет) поети кои конкурираат за наградата со соодветно образложение.

ѕ). Најдоцна до 25 јануари Советот е должен да донесе одлука за еден предлог за добитник на Златен венец. Мислењето со соодветно образложение за потесниот избор и за издвоениот кандидат за наградата се доставува до Управниот одбор надоцна до 31 јануари.

ј). Во случај ако Советот со мнозинство гласови заклучи дека не може да биде донесена одлука за таков предлог, должен е писмено да го извести Управниот одбор преку директорот на СВП веднаш по донесувањето на таквиот заклучок. Конечната одлука во овој случај ќе ја донесе Управниот одбор на СВП врз основа на потесниот избор кој ќе биде доставен во прилог. Управниот одбор на НУМ СВП решава и доколку од одредени причини не биде донесена одлука за потесен избор, а не може да биде формиран нов Совет. Во тој случај УО при донесување на одлуката решава врз основа на Листата на постојани кандидатури.

Член 10

СВП на членовите на Советот им обезбедува примероци од потребните материјали – кандидатури, како и сите дополнителни материјали кои се неопходни во разгледувањето и одлучувањето.

Член 11

За учеството во работата на Советот за доделување на наградата „Златен венец“ на надворешните членови им следува паричен надомест во вид на авторски хонорар, определен со Правилник на СВП за авторски и други надоместоци, или со одлука на УО на СВП, ако поинаку не е регулирано.

Член 12

Конечната одлука за избор на добитник на наградата „Златен венец“ ја донесува Управниот одбор на НУМ СВП врз основа на доставеното мислење/предлог од Советот.

Управниот одбор донесува одлука врз основа на потесната листа во случај на неможност Советот да донесе одлука за единствен предлог за добитник.

Во случај кога Управниот одбор ќе реши да не го прифати единствениот предлог од Советот за доделување на наградата „Златен венец", со соодветно писмено образложение го известува Советот.

Доколку и по втор пат Советот го достави истиот предлог со дополнително образложение, Управниот одбор има право повторно да го одбие, со задолжение да му биде доставено мислење од два предлога, и тој одлучува врз основа на тие два предлога. Доколку од оправдани причини не може да биде спроведена процедурата, Управниот одбор може да реши за конечниот избор врз основа на потесната листа.

Образложението од Одлуката на Управниот одбор и е достапно на јавноста со објавувањето на добитникот.

Член 13

УСЛОВИ ЗА НАГРАДАТА. ПРИФАЌАЊЕ И СООПШТУВАЊЕ.

Откако ќе биде донесена одлуката со официјално писмо и на друг начин се известува добитникот, во кое истиот се запознава и со условите поврзани со нејзиното прифаќање. За официјално прифатена се смета во оној момент кога од добитникот ќе биде добиено писмено обраќање до СВП со став за истото. Ова обраќање е формален услов со кој се прифаќа наградата и со истото се запознава јавноста при чинот на соопштување на добитникот.

Со јавното соопштување на одлуката од страна на УО и на презентација на писмото за прифаќање од страна на добитникот, се смета дека наградата е доделена.

Со самото добивање на наградата и испраќање на своето обраќање се смета дека ја прифатил и станува добитник, со што се смета и дека се согласил и со следните услови за добивање на наградата:

– Присуство на фестивалот и сите други свечености поврзани со наградата и фестивалските активности;

– Отстапување на авторските и издавачките права на СВП за објавување и презентација на неговото творештво во оригинал и превод/препев на македонски и други јазици од страна на СВП во вид на печатена книга, во сите брошури, изданија, и за сите други употреби (објавување во дигитален формат или на интернет, во аудио-визуелна форма и сл.) во земјата или во странство, а кои се однесуваат на промоција на авторот и наградата. Исто така, се смета дека со тоа дал согласност и за јавно изведување на неговото творештво и користење во подготовка на телевизиски и други проекти кои служат за промоција на истото.

Во случај на неприфаќање на наградата од разни причини, или неприфаќање на условите за истата ќе се смета дека е одбиена и одлуката на УО се поништува, со што одново започнува процедурата за избор на добитник. Во ваков случај Советот избира од преостанатите кандидати на постесната листа за тоа кој ќе биде предлогот за добитник на наградата.

Во случај кога поетот-добитник се откаже од наградата, или на некој начин ја одбие откако е соопштена во јавност одлуката на УО и неговото првично писмо за прифаќање, или пак отпосле по врачувањето на самата награда, Струшките вечери на поезијата ќе продолжат да го третираат и сметаат за добитник, и покрај таквата негова одлука.

Во случај на одбивање во периодот до врачувањето, односно пред фестивалот, СВП ќе смета дека со првичното прифаќање ги добила авторските права и ќе продолжи со реализација на сите проекти и активности и без присуство на добитникот.

Член 14

Наградата „Златен венец“ се објавува на свечена седница.

Член 15

Наградата на добитникот му се врачува лично на манифестацијата „Мостови“ во Струга.

Член 16

НУМ Струшки вечери на поезијата ги покрива сите патни трошоци, односно обезбедува превоз (авио-билети и патнички) за добитникот на „Златен венец“ и еден негов придружник.

НУМ Струшки вечери на поезијата ги покрива трошоците за време на целокупниот престој во Република Македонија за добитникот и придружбата.

НУМ Струшки вечери на поезијата обезбедува и патничко осигурување на добитникот и придружбата.

Член 17

Сите документи поврзани со одлучувањето (листи, досиеја, апликации и сл.), како и записниците на Советот за доделување на наградата и на седниците на Управниот одбор каде се одлучува за наградата, се доверливи и се деловна тајна на НУМ Струшки вечери на поезијата. Вработените, ангажираните лица и сите оние кои на некој начин ќе бидат запознати со некакви информации во врска со процедурите, изборот и сл., должни се да ги чуваат во тајност. Истите можат да бидат достапни на јавноста само со одлука на УО на НУМ СВП, ако за тоа постои некоја исклучителна причина и јавен интерес кој го засега угледот на наградата или институцијата. Во сите други случаи тајноста е 50 години.

Член 18

Овој правилник влегува во сила со неговото донесување.

Струга,
01.11.2013

Претседател на УО на НУМ СВП
Славе Ѓорѓо Димоски